Република Северна Македонија
Министерство за финансии

МФРСМ.Ф.8.5/9-2

# *КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА*



**септември 2025 година**

Министерство за финансии
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

**СОДРЖИНА**

**Р Е З И М Е** ........ **2**

**1. РЕАЛЕН СЕКТОР** ........ **3**

Индустриско производство ........ 3

Број на работници во индустријата ........ 4

Продажни цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар ........ 5

Индекси на прометот во индустријата ........ 5

Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите ........ 6

Број на извршени градежни работи по видови објекти ........ 7

Промет во секторот трговија ........ 8

Инфлација ........ 8

Берзански цени ........ 10

**2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА** ........ **11**

Извоз ........ 12

Увоз ........ 12

Салдо на трговска размена ........ 14

Валутна структура ........ 14

**3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР** ........ **14**

Буџетски приходи и расходи според економската класификација ........ 14

Расходи по буџетски корисници ........ 17

**4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР** ........ **18**

Нововработени регистрирани и невработени лица во Агенцијата за вработување ........ 18

Плати ........ 19

Пензии ........ 20

**5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР** ........ **21**

Примарни пари ........ 21

Депозитен потенцијал ........ 21

Кредити на банките ........ 22

Каматни стапки на депозитни банки ........ 23

Пазар на капитал ........ 23

Девизни резерви ........ 23

# Р Е З И М Е
## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА
## септември 2025 година

- Во септември 2025 година, индустриското производство забележа раст од 2,7% во споредба со истиот месец претходната година;
- Стапката на инфлација во септември 2025 година изнесува 4,0% на годишно ниво и овој месец продолжи со надолниот тренд, односно го забави своето темпо споредено со претходниот месец (4,4% во август 2025 година). На месечно ниво, инфлацијата бележи пад од 0,2%;
- Во периодот јануари - септември 2025 година, извозот забележа раст од 2,0%, а увозот од 3,5%, што резултираше со зголемување на трговскиот дефицит за 7,3% споредено со истиот период од 2024 година;
- Во периодот јануари – септември 2025 година, реализацијата на вкупните буџетски приходи на Буџетот на РСМ изнесува 243.707 милиони денари, што претставува 67,3% од планираниот износ за 2025 година, односно зголемување за 9,5% во однос на реализираните буџетски приходи во споредба со истиот период од 2024 година;
- Реализацијата на вкупните расходи во периодот јануари – септември 2025 година изнесува 272.307 милиони денари, што претставува 67,4% од годишниот план и бележи зголемување за 10,0% во однос на истиот период од 2024 година;
- Во септември 2025 година, вкупните кредити се зголемија за 13,5% во споредба со септември 2024 година, а вкупниот депозитен потенцијал на банките оствари раст од 13,2%;
- Просечната исплатена нето-плата во август 2025 година достигна 45.310 денари, притоа забележувајќи номинален годишен раст од 10,3% и реален раст од 5,6%. Највисока просечна нето-плата е регистрирана во дејноста „Компјутерско програмирање“ и таа изнесува 103.066 денари.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

# 1. РЕАЛЕН СЕКТОР

## Индустриско производство

Во септември 2025 година, индустриското производство забележа раст од 2,7% во споредба со истиот месец претходната година. Растот се должи на зголеменото производство во секторот Преработувачка индустрија за 3,1%, додека намалување се забележува во секторите Рударство и вадење камен за 1,7% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 2,5%.

**Графикон 1.1:** Индустриско производство
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС

Раст на производството во септември 2025 година бележат 13 од вкупно 27 индустриски гранки кои сочинуваат 54,3% од вкупната индустрија.

**Графикон 1.2:** Структура на растот на индустријата
*(придонеси во п.п.)*




Извор: ДЗС

Од гранките со повисока додадена вредност, во септември 2025 година е забележан раст кај производството на моторни возила, приколки и полуприколки за 7,7% со придонес од 1,3 п.п. и кај производството на електрична опрема за 8,2% со придонес од 0,6 п.п., додека намалување се забележува кај производството на машини и уреди за 6,7% со придонес од -0,4 п.п. и кај производството на метали за 20,0% со придонес од -0,7 п.п.

Од традиционалните гранки, во септември 2025 година зголемување на производството се забележува кај гранките: производство на прехранбени производи за 8,3% со придонес од 0,9 п.п., производство на тутунски производи за 184,1% со придонес од 1,8 п.п., преработка на дрво и производи од дрво и плута за 18,3% со придонес од 0,2 п.п. и производство на кожа и слични производи од кожа за 21,3% со придонес од 0,1 п.п., додека намалување се забележува кај гранките: производство на облека за 9,5% со придонес од -0,5 п.п., производство на текстил за 9,5% со придонес од -0,4 п.п. и производство на пијалаци за 7,9%, со придонес од -0,3 п.п..

Во септември 2025 година споредено со септември 2024 година, индустриското производство според намената на произведените единици е зголемено во групите: Енергија (раст од 1,6% со придонес од 0,1 п.п.), Интермедијарни производи, освен енергија (раст од 6,0% со придонес од 1,8 п.п.) и Капитални производи (раст од 3,0% со придонес од 0,8 п.п.), а намалено во групите: Трајни производи за широка потрошувачка (пад од 5,6% со придонес од -0,2 п.п.) и Нетрајни производи за широка потрошувачка (пад од 0,6% со придонес од -0,2 п.п.). Според намената на произведените единици, раст во периодот јануари – септември 2025 година е регистриран единствено во групата Интермедијарни производи, освен енергија (за 13,0%), додека намалување се забележува во групите: Енергија (за 9,0%), Капитални производи (за 1,7%), Трајни производи за широка потрошувачка (за 0,5%) и Нетрајни производи за широка потрошувачка (за 1,0%).

**Графикон 1.3а:** Гранки со позитивен придонес во растот
*(стапки на раст во %, септември 2025 година)*




1 - Производство на производи од гума и производи од пластични маси
2 - Производство на тутунски производи
3 - Производство на моторни возила, приколки и полуприколки
4 - Производство на прехранбени производи
5 - Производство на други неметални минерални производи

Извор: ДЗС

**Графикон 1.3б:** Гранки со негативен придонес во растот
*(стапки на раст во %, септември 2025 година)*




1 - Производство на фабрикувани метални производи, освен машини и опрема
2 - Останата производствена индустрија
3 - Производство на метали
4 - Вадење на руди на метал
5 - Производство на облека

Извор: ДЗС

## Број на работници во индустријата

Во септември 2025 година, бројот на работници во индустријата е намален за 2,8% во споредба со истиот месец претходната година. Падот се должи на намалениот број работници во сите сектори: Рударство и вадење камен за 2,0%, Преработувачка индустрија за 2,9%, и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 0,6%. Раст на бројот на работници се забележува во гранките: производство на тутунски производи за 22,5%, производство на машини и уреди за 7,2% и производство на производи од гума и производи од пластични маси за 5,3%.

**Графикон 1.4:** Вработеност и продуктивност во индустријата
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ

Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во септември 2025 година во однос на истиот месец минатата година покажуваат дека раст на бројот на работници бележат групите: Интермедијарни производи, освен енергија за 0,2% и Трајни производи за широка потрошувачка за 4,8%.

Кумулативните податоци покажуваат дека бројот на работници во индустријата во периодот јануари – септември 2025 година бележи пад за 3,7%, што се должи на намалениот број работници во сите сектори: Рударство и вадење камен за 2,2%, Преработувачка индустрија за 3,9% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 1,4%.

Во однос на наменските групи, бројот на работници во индустријата во периодот јануари – септември 2025 година е зголемен единствено во групата Трајни производи за широка потрошувачка за 12,1%.

## Продажни цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар

Во септември 2025 година, продажните цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар се повисоки за 5,6% во споредба со истиот месец минатата година. Покачувањето се должи на зголемените цени во сите сектори: Рударство и вадење камен за 5,7%, Преработувачка индустрија за 5,3%, Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 7,3% и Снабдување со вода; Отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината за 6,9%.

**Графикон 1.5**: Растот на продажните цени на индустриски производи на домашниот пазар по сектори




Во септември 2025 година во споредба со септември 2024 година, продажните цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар се повисоки во групите: Енергија за 7,3%, Интермедијарни производи, освен енергија за 3,1%, Производи за широка потрошувачка за 6,9% и Нетрајни производи за 7,2%.

**Графикон 1.6**: Растот на продажните цени на индустриски производи на домашниот пазар по групи




На кумулативна основа, во периодот јануари – септември 2025 година во споредба со истиот период минатата година, продажните цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар се повисоки за 6,0%, што се должи на зголемените цени во сите сектори: Рударство и вадење камен за 1,5%, Преработувачка индустрија за 4,5%, Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 14,1% и Снабдување со вода; Отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината за 4,4%.

Во периодот јануари – септември 2025 во споредба со јануари – септември 2024 година, продажните цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар се повисоки во групите: Енергија за 13,1%, Интермедијарни производи, освен енергија за 3,7%, Производи за широка потрошувачка за 5,2% и Нетрајни производи за 5,5%.

## Индекси на прометот во индустријата

Според податоците на Државниот завод за статистика, прометот во индустријата во септември 2025 година во однос на септември 2024 година бележи раст од 5,6%. Растот се должи на зголемениот промет во секторите: Преработувачка индустрија за 5,7% и Рударство и вадење камен за 4,2%.

Во септември 2025 година во споредба со септември 2024 година, прометот во индустријата се зголеми во групите: Интермедијарни производи освен енергија за 3,1%, Капитални производи за 7,4% и Нетрајни производи за широка потрошувачка за 7,0%, а пад забележа само групата Трајни производи за широка потрошувачка, и тоа за 7,2%.

Гранки со најголем раст на прометот во индустрија во септември 2025 година во споредба со истиот месец минатата година се:

- Производство на тутунски производи (раст од 42,0%);
- Производство на основни фармацевтски производи и фармацевтски препарати (раст од 30,7%) и
- Производство на моторни возила, приколки и полуприколки (раст од 28,9%).

**Графикон бр.1.7:** Раст на прометот во индустријата во главните индустриски групи




На кумулативна основа, во периодот јануари – септември 2025 година во споредба со истиот период минатата година прометот во индустрија бележи раст од 6,6%, што се должи на зголемениот промет во двата сектора - Рударство и вадење камен за 0,9% и Преработувачка индустрија за 6,8%.

Во периодот јануари - септември 2025 година во споредба со периодот јануари – септември 2024 година, прометот во индустрија се зголеми во сите групи: Интермедијарни производи, освен енергија за 4,3%, Капитални производи за 11,0%, Трајни производи за широка потрошувачка за 0,3% и Нетрајни производи за широка потрошувачка за 3,3%.

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Во септември 2025 година се забележува зголемување кај одобренијата за градење, по падот од претходниот месец (280 одобренија за градење во август 2025 година). Оттука, бројот на издадени одобренија за градење изнесува 314, што претставува раст од 6,1% во однос на истиот месец од 2024 година. Ваквиот раст се должи на годишниот раст на издадени одобренија за градење за високоградба за 50,7% (кои во вкупниот број издадени одобренија за градење учествуваат со 70,1%), додека кај објектите за реконструкција се забележува намалување за 6,7%, а кај бројот на издадени одобренија за нискоградба за 57,8%. Висок раст се забележува и кај инвеститорите физички лица и кај инвеститорите деловни субјекти. Доколку се гледа според региони, исто така, се забележува дека бројот на издадени одобренија за градење расте во повеќето региони, пред сè во Полошкиот, Југоисточниот и Источниот Регион.

**Графикон 1.8:** Одобренија за градење и вредност на работите
*(број во единици; вредност во милиони денари)*




Извор: ДЗС.

Графикон 1.9: Структура на издадените одобренија за градење по региони *(септември 2025)*




Извор: ДЗС.

Споредено со август 2025 година, бројот на издадени одобренија за градење е

зголемен за 12,1%. Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење во септември 2025 година е пониска за 5,2% на годишна основа, а во однос на претходниот месец таа бележи раст за 35,9%.

Графикон 1.10: Предвидена вредност на објектите по региони
*(во милиони денари)*




Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење, 220 (или 70,1%) се наменети за објекти од високоградба, 38 (или 12,1%) за објекти од нискоградба и 56 (или 17,8%) за објекти за реконструкција.

Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 314 издадени одобренија за градење, на 229 објекти (или 72,9%) како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 85 објекти (или 27,1%) инвеститори се деловни субјекти.

Со издадените одобренија за градење во септември 2025 година предвидена е изградба на 727 станови со вкупна корисна површина од 69.411м². Бројот на предвидени станови за изградба е зголемен за 12,5% на месечно ниво, а намален за 3,7% на годишно ниво.

## Број на извршени градежни работи по видови објекти

**Графикон 1.11:** Извршени градежни работи (милиони денари)




Вкупната вредност на извршените градежни работи во август 2025 година изнесува 3.731 милион денари, што претставува номинален годишен раст од 51,9%, при што раст се забележува кај нискоградбатата за 126,1% и кај специјализираните градежни работи за 32,9%, додека кај високоградбата се забележува пад за 21,6%. Споредено со јули 2025 година, вкупната вредност на извршените градежните работи бележи раст од 5,2%, и тоа кај високоградбата и кај нискоградбата за 17,9%, додека кај специјализираните градежни работи се забележува пад од 69,3%. Кумулативно, во периодот јануари – август 2025 година вредноста на извршените градежни работи изнесува 23.530 милиони денари, што е за 17,4% повеќе во споредба со истиот период минатата година.

Во рамки на извршените градежни работи, поголемиот дел се однесува на нискоградбата, кај која во периодот јануари - август 2025 година се извршени градежни работи во вредност од 15.101 милион денари, односно за 20,5% повеќе во однос на истиот период минатата година. Во овој период, вредноста на извршените работи кај високоградбата се зголеми за 4,2% и изнесува 7.045 милиони денари, а кај специјализираните градежни работи вредноста на извршените работи изнесува 1.385 милиони денари, односно за 86,0% повеќе во однос на истиот период минатата година.

На реална основа, вредноста на извршените градежни работи во периодот јануари - август 2025 година се зголеми за 17,8%, при раст кај високоградбата (4,5%), кај специјализираните градежни работи (86,3%) и кај нискоградбата (20,9%).

## Промет во секторот трговија

Во септември 2025 година, податоците за внатрешната трговија покажуваат номинален годишен раст на прометот за 3,6%, по растот од 1,1% во август 2025 година. Вредноста на прометот во септември 2025 година изнесува 67.691 милион денари, додека кумулативно, во периодот јануари - септември 2025 година вредноста на вкупниот промет во трговијата изнесува 603.471 милион денари, што е за 2,0% повеќе во однос на истиот период минатата година.




Кумулативно, во периодот јануари - септември 2025 година, позитивен раст на прометот е забележан во сите сектори: трговија на мало, чија вредност на прометот изнесува 245.396 милиони денари, што е за 4,3% повеќе во споредба со истиот период минатата година, трговија со моторни возила и поправки на мало, чија вредност на прометот изнесува 36.305 милиони денари, односно за 5,1% повеќе во однос на истиот период минатата година, а кај трговија на големо вредноста на прометот за тој период изнесува 321.770 милиони денари, односно не бележи промена во однос на истиот период минатата година.

На реална основа, во септември 2025 година, трговијата на мало бележи пад од 0,2%, по растот од 1,1% во август 2025 година, додека анализирано по групи и класи намалување се забележува и кај групите трговија на мало со храна, пијалаци и тутун за 7,1% и трговија на мало со автомобилски горива за 1,5%, додека зголемување бележи единствено групата трговија на мало со непрехранбени продукти за 7,6%.

Во септември 2025 година, најголемо структурно учество во секторот Трговија има одделот Трговија на големо (53,8%), а потоа следуваат Трговија на мало (40,7%) и Трговија со моторни возила и мотоцикли, поправка и нивно одржување (5,5%).

## Инфлација

Стапката на инфлација во септември 2025 година изнесува 4,0% на годишно ниво и овој месец продолжи по надолниот тренд, односно го забави своето темпо споредено со претходниот месец (4,4% во август 2025 година). Овој месец инфлацијата главно произлегува од базичната компонента, која бележи умерено забрзување, додека прехранбената компонента регистрираат забавување.

Просечната инфлација во периодот јануари - септември 2025 година изнесува 4,0% на годишно ниво.




Во септември 2025 година, базичната инфлација (инфлација од која е исклучено влијанието на цените на храната и енергенсите) регистрираше забрзување споредено со претходниот месец и таа изнесува 5,2% на годишна основа (5,0% во август).

Овој месец цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци, се зголемија за 4,3% и тие забележуваат позначително забавување на растот во споредба со претходниот месец (6,2% во

август), при што придонесот на оваа категорија во вкупната инфлација во септември изнесува 1,7 п.п. и е намален за 0,8 п.п. во споредба со претходниот месец.




Најголем позитивен придонес во растот на цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци имаа поткатегориите: месо (годишен раст од 5,1% и придонес од 0,4 п.п.), кафе, чај и какао (годишен раст од 30,8% и придонес од 0,4 п.п.), овошје (годишен раст од 18,1% и придонес од 0,3 п.п.), млеко, сирење и јајца (годишен раст од 2,4% и придонес од 0,2 п.п.) и леб и житарици (годишен раст од 3,0% и придонес од 0,2 п.п.). Овој месец зеленчукот имаше негативен придонес во растот на цените на храната од 0,4 п.п. и се намали за 7,7% на годишно ниво. Негативниот придонес на зеленчукот и забавувањето на растот цените во другите категории придонесоа за забавување на растот цените на храната.

Гледано по компоненти, највисок годишен раст имаа цените во категоријата Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 9,0%[1]. Раст на цените е регистриран и кај следните категории: Рекреација и култура од 7,0%, Транспорт од 5,7%[2], Мебел, покуќнина и редовно одржување на домаќинствата од 5,0%, Храна и безлкохолни пијалци од 4,3%, Ресторани и хотели од 3,4%, Разновидни стоки и услуги од 3,3%, Облека и обувки од 3,0%, Здравствена заштита од 2,3%, Домување, вода, електрика, гас и други горива од 1,7% и Комуникации од 1,5%. Цените во категоријата Образование се намалија за 0,1%.

Во септември, потрошувачките цени се намалија за 0,2% на месечно ниво (минатиот месец цените се зголемија за 0,2%) што е резултат на падот во повеќе категории, од кои најголем негативен придонес има падот на цените во категоријата Транспорт.




Пад на цените е регистриран во категориите: Транспорт од 3,3%, Ресторани и хотели од 1,3%, Рекреација и култура од 0,7%, Облека и обувки од 0,3%, Разновидни стоки и услуги од 0,2% и Храна и безалкохолни пијалаци од 0,1%.

Раст на цените е регистриран во категориите: Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 2,8%, Комуникации од 1,8%, Мебел, покуќнина и редовно одржување на домаќинствата од 0,8%, Здравствена заштита од 0,4% и Домување, вода, електрика, гас и други горива од 0,3%. Цените во категоријата Образование останаа непроменети.

---

[1] Цената на тутунските производи е зголемена во согласност со усвоените измени на Законот за акцизите, акцизата на цигарите ќе се зголемува за 0,23 денари по парче секоја година сè до 2030 година. Во септември 2025 година беше воведена нова цена на тутунот.

[2] Најголем пораст е регистриран во воздушниот сообраќај



Министерство за финансии
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

Во септември 2025 година, стапката на инфлација во еврозоната се зголеми на 2,2%[3] од 2,0% колку што изнесуваше во август.

Согласно проекциите на ЕЦБ, од стапката на инфлација се очекува да изнесува 2,1% во 2025 година и 1,7% во 2026 година, пред благо да се зголеми на 1,9% во 2027 година. Проектирано е инфлацијата да остане блиску до 2% во остатокот од 2025 година, а потоа ќе се движи под 2% и ќе остане под тој праг во текот на целата 2026 година. Очекувањата за пониска стапка на инфлација во 2026 година ја одразува пониската базична инфлација, особено кај услугите и пониската инфлација на храната, придружени со благо негативна инфлација кај енергијата. Зголемувањето на инфлацијата на 1,9% во 2027 година ќе се должи на привремено нагорно придвижување на цената на енергијата, како резултат на мерки поврзани со енергетската транзиција.

## Берзански цени

Во септември 2025 година, цената на суровата нафта (Брент) на светските берзи се намали за 0,4% на месечно ниво и изнесува 67,6 долари за барел. Намалувањето се должи на слабеењето на факторите што ја поттикнаа нагорната корекција, односно смирувањето на тензиите на Блискиот Исток т.е конфликтот помеѓу Израел и Иран и променливата динамика на понудата и побарувачката. На годишно ниво цената на нафтата е пониска за 8,5%.

Во септември 2025 година, цената на природниот гас[4] се зголеми за 0,4% на месечно ниво. Во септември, цените на гасот во Европа умерено порасна поради зголемената сезонска побарувачка, намаленото производство од обновливи извори, повисоките трошоци за гас и продолжените ризици во снабдувањето и побавното намалување на енергетските цени. Во септември 2025 година, цената на природниот гас се намали за 5,7% на годишно ниво.

Графикон 1.17: Промена на цената на природниот гас
*(базичен индекс; стапка на раст во %)*




Извор: Светска банка; пресметки на МФ.

Според Унгарската берза на електрична енергија (HUPX), цената на електричната енергија во септември 2025 година изнесува 101,93 евра за мегават/час и на месечно ниво регистрираше раст од 27%. Овој месец цената на електричната енергија се намали за 3,9% на годишно ниво.

Графикон 1.18: Берзански цени на метали
*(цени во долари/тон)*




Извор: Светска банка.

Во септември 2025 година, цените на основните метали регистрираа зголемување на месечно ниво, и тоа: на цинкот за 5,2%, на бакарот за 3,2%, на

---

[3] Податокот е процена на Евростат

[4] Natural gas index (2010=100)

алуминиумот за 2,2%, на калајот за 1,9%, никелот за 1,0% и на оловото за 0,4%. Цената на железната руда регистрираше раст од 3,5% на месечно ниво.

На месечна основа, во септември 2025 година, цената на златото се зголеми за 8,9%. Другите благородни метали го следеа нагорниот тренд на месечно ниво, па така цената на среброто се зголеми за 12,1%, а цената на платината за 6,9%.

Во септември, цените на пченката и на пченицата се зголемија на месечна основа за 6,4% и 3,3%, соодветно. Цената на сончогледовото масло се зголеми за 3,0% на месечна основа.

Табела 1.1 . Берзански цени на енергенти (месечни податоци)

| | Електрична енергија (EUR/MWh) | Брент сурова нафта($/bbl) | Природен гас – Европа ($/1000 m3) |
|---|---|---|---|
| 2024 I | 85,73 | 80,2 | 338,2 |
| II | 69,35 | 83,8 | 288,3 |
| III | 65,12 | 85,5 | 302,6 |
| IV | 61,96 | 90,5 | 321,4 |
| V | 72,2 | 82,0 | 358,2 |
| VI | 91,7 | 82,6 | 384,6 |
| VII | 135,5 | 85,3 | 366,1 |
| VIII | 120,8 | 80,9 | 437,8 |
| IX | 106,1 | 74,3 | 416,94 |
| X | 92,2 | 75,7 | 457,1 |
| XI | 163,7 | 74,4 | 492,7 |
| XII | 143,9 | 73,8 | 490,3 |
| 2025 I | 140,2 | 79,2 | 518,8 |
| II | 158,9 | 75,2 | 542,8 |
| III | 109,0 | 72,6 | 468,3 |
| IV | 85,5 | 67,6 | 410,1 |
| V | 80,9 | 64,2 | 412,7 |
| VI | 84,1 | 71,5 | 437,6 |
| VII | 103,3 | 71,0 | 411,2 |
| VIII | 80,5 | 68,2 | 394,4 |
| IX | 101,9 | 68,0 | 393,3 |

Извор: Светска банка, Унгарска берза на електрична енергија (World Bank, Hungarian Power Exchange)

## 2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА

Вкупната надворешнотрговска размена во првите девет месеци од 2025 година изнесува 14.473,2 милиона евра и бележи раст од 2,9% во однос на истиот период минатата година.

Во периодот јануари - септември 2025 година, учеството на размената со Европската Унија (ЕУ 27), како најголем трговски партнер, е намалено за 2,3 п.п. споредено со истиот период претходната година и изнесува 59,6%. Германија е најзначаен трговски партнер на нашата земја. Во структурата на вкупната надворешнотрговска размена на нашата земја, учеството на трговската размена со Германија во првите девет месеци од 2025 година изнесува 21,1% и е намалено за 2,4 п.п. во однос на истиот период од 2024 година.




**Графикон 2.1:** Надворешна трговија *(износи во милиони евра)*

Извор:

## Извоз

Вредноста на извезените стоки во првите девет месеци од 2025 година изнесува 5.978,9 милиони евра и бележи раст од 2,0% (117,8 милиони евра) во однос на истиот период од 2024 година, а физичкиот обем на извозот е намален за 2,2% во однос на истиот период минатата година.




**Графикон 2.2**: Надворешно-трговска размена со Германија и ЕУ 27 *(износи во милиони евра)*

Извор: ДЗС.

Вредноста на извезените стоки во септември 2025 година изнесува 700,8 милиони евра и бележи раст од 4,5% (29,9 милиони евра) во однос на истиот месец претходната година, а физичкиот обем на извозот е намален за 1,8% споредено со септември 2024 година.

Анализирано на месечно ниво, во септември 2025 година извозот бележи раст од 23,3% (132,5 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на извозот тој регистрира месечен раст од 4,0%, што укажува на позитивното влијание на сезонскиот фактор (19,3 п.п.) врз извозот овој месец.

Вредноста на извозот на храна во првите девет месеци од 2025 година е зголемена за 25,1 милион евра, што претставува раст од 6,3% во однос на истиот период од 2024 година, а количината на извезената храна е намалена за 11,2%. Во структурата на вкупниот извоз на нашата земја, учеството на храната во првите девет месеци од 2025 година изнесува 7,1% и е зголемено за 0,3 п.п. во однос на истиот период од 2024 година. Најголемо учество во вкупниот извоз на храна има извозот на следните производи: овошје и зеленчук (45,4%), жита и преработки од жита (21,6%), млечни производи и јајца (9,2%) и месо и преработки од месо (7,9%).




**Графикон 2.3:** Производи со највисоко учество во извозот (по СМТК)

Извор: ДЗС.

## Увоз

Вредноста на увезените стоки во првите девет месеци од 2025 година изнесува 8.494,3 милиони евра и бележи раст од 3,5% (288,1 милион евра) во однос на истиот период од 2024 година, а физичкиот обем на увозот бележи раст од 6,6%.

Вредноста на увозот во септември 2025 година изнесува 954,2 милиона евра и бележи раст од 10,4% (90,2 милиона евра) во однос на истиот месец од 2024 година, а увезените количини стоки се зголемени за 12,1% споредено со септември 2024 година.

**Графикон 2.4:** Структура на извозот по економска намена *(учества во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

**Графикон 2.5:** Структура на увозот по економска намена *(учества во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

Анализирано на месечно ниво, во септември 2025 година увозот бележи раст од 8,9% (77,8 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на увозот, тој регистрира месечен раст од 2,0%, што укажува на позитивното влијание на сезонскиот фактор (6,8 п.п.) врз увозот овој месец.

Вредноста на увозот на храна во првите девет месеци од 2025 година е зголемена за 51,4 милиони евра, што претставува раст од 6,7% во однос на истиот период од 2024 година, а количината на увезената храна е зголемена за 2,8%. Во првите девет месеци од 2025 година, учеството на храната во структурата на вкупниот увоз на нашата земја изнесува 9,7% и е зголемено за 0,3 п.п. во однос на истиот период од 2024 година. Најголемо учество во вкупниот увоз на храна има увозот на следните производи: месо и преработки од месо (21,5%), овошје и зеленчук (15,8%), жита и преработки од жита (13,3%), кафе, чај, какао и зачини (11,7%) и млечни производи и јајца (11,1%).

Табела 2.1. Преглед на извозот и увозот на селектирани групи производи

| Извоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-IX-2024 | I-IX-2025 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 92,2 | 58,7 | -33,4 | -36,3 |
| Мил. ЕУР | 65,5 | 40,8 | -24,6 | -37,6 |
| Мил.$ | 71,0 | 45,7 | -25,4 | -35,7 |

*)Претходни податоци

| Увоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-IX-2024 | I-IX-2025 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 870,0 | 854,0 | -15,9 | -1,8 |
| Мил. ЕУР | 620,4 | 532,2 | -88,2 | -14,2 |
| Мил.$ | 674,2 | 595,7 | -78,5 | -11,6 |

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-IX-2024 | I-IX-2025 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 48,7 | 55,3 | 6,6 | 13,5 |
| Мил. ЕУР | 1.411,3 | 1.244,2 | -167,1 | -11,8 |
| Мил.$ | 1.533,0 | 1.391,0 | -142,0 | -9,3 |

*)Претходни податоци

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-IX-2024 | I-IX-2025 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 22,8 | 25,4 | 2,6 | 11,3 |
| Мил. ЕУР | 131,9 | 133,2 | 1,3 | 1,0 |
| Мил.$ | 143,2 | 148,8 | 5,6 | 3,9 |

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-IX-2024 | I-IX-2025 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 502,2 | 510,7 | 8,5 | 1,7 |
| Мил. ЕУР | 389,5 | 386,2 | -3,3 | -0,8 |
| Мил.$ | 423,4 | 430,1 | 6,7 | 1,6 |

*)Претходни податоци

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-IX-2024 | I-IX-2025 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 516,8 | 619,9 | 103,1 | 20,0 |
| Мил. ЕУР | 356,2 | 386,3 | 30,1 | 8,5 |
| Мил.$ | 386,9 | 431,2 | 44,3 | 11,4 |

## Салдо на трговска размена

Во септември 2025 година, трговскиот дефицит се зголеми за 31,2% односно 60,3 милиони евра споредено со септември 2024 година.

Во периодот јануари - септември 2025 година, трговскиот дефицит се зголеми за 7,3% односно 170,3 милиони евра споредено со истиот период минатата година.

**Графикон 2.6:** Надворешно-трговска размена
*(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, зголемувањето на дефицитот е резултат од зголемувањето на дефицитот во размената со стоки за индустриски набавки, стоки за широка потрошувачка, горива и мазива и храна и пијалаци. Од друга страна, пак, кон намалување на негативното салдо дејствуваше намалувањето на дефицитот во размената со стоки за инвестиции без транспортна опрема, како и зголемувањето на позитивното салдо во размената со транспортна опрема.

Во првите девет месеци од 2025 година, 90,9% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија, Кина и Турција, а потоа следуваат: Грција, Србија, Италија, Полска, Бугарија и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Унгарија и други.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура, 90,7% од трговската размена во периодот јануари - септември 2025 година е реализирана во евра, што во однос на истиот период од 2024 година претставува намалување за 1,3 п.п.. На страната на извозот и увозот еврото е застапено со 93,2% и 88,9%, соодветно, при што застапеноста на еврото кај извозот е намалена за 1,5 п.п, додека кај увозот е намалена за 1,1 п.п. во однос на периодот јануари – септември 2024 година.

Табела 2.2 Надворешнотрговска размена на Република Северна Македонија (по валути); пресметки на МФ

| увоз | I - IX - 2024 | | | | | I - IX - 2025 | | | | | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | | |
| ЕУР | 4.404,6 | 7.381.947.029 | 61,5445 | 454.318.238.910 | 90,0 | 4.606,0 | 7.548.224.843 | 61,5927 | 464.915.548.299 | 88,9 | 166.277.814 | 2,25 |
| УСД | 432,7 | 816.087.536 | 56,6306 | 46.215.526.825 | 9,2 | 551,7 | 975.056.490 | 55,2121 | 53.834.916.453 | 10,3 | 158.968.954 | 19,5 |
| ГБП | 2,0 | 17.592.077 | 72,2904 | 1.271.738.271 | 0,3 | 1,6 | 16.629.195 | 72,4387 | 1.204.597.277 | 0,2 | -962.882 | -5,5 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 4.839,3 | | | 501.805.504.005 | 99,1 | 5.159,3 | | | 519.955.062.029 | 99,4 | | |
| вк извоз: | 4.854,6 | | | 505.068.953.923 | 100,0 | 5.176,3 | | | 523.204.197.534 | 100,0 | | 3,6 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРСМ

# 3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР

## Буџетски приходи и расходи според економската класификација

Во периодот јануари – септември 2025 година, реализацијата на вкупните буџетски приходи на Буџетот на РСМ изнесува 243.707 милиони денари, што претставува 67,3% од планираниот износ за 2025 година, односно зголемување за 9,5% во однос на реализираните буџетски приходи во споредба со истиот период од 2024 година. Во рамки на вкупните приходи, 221.947 милиони денари се остварени по основ на даночни приходи и социјални придонеси, со што стапката на реализација е 69,5% од планираниот износ за 2025 година, односно се забележува раст од 7,4% во однос на претходната година. Притоа, даночните приходи се реализирани во

вкупен износ од 137.354 милиони денари (реализација од 69,2% од планираниот износ за 2025 година), додека придонесите се реализирани во износ од 83.483 милиони денари (годишен раст од 8,8%, односно 71,3% од планираниот износ за 2025 година). Во рамки на даночните приходи се забележува раст кај приходите по основ на: данок на личен доход за 7,8%, данок на добивка за 5,9%, данок на додадена вредност за 4,5%, акцизи за 9,3% и увозни давачки за 15,1%, додека другите даночни приходи бележат намалување за 2,1%. Во овој период, неданочните приходи бележат зголемување од 20,3%, капиталните приходи за 37,2% а приходите по основ на странски донации за 151,4%.

Реализацијата на вкупните расходи во периодот јануари – септември 2025 година изнесува 272.307 милиони денари, што претставува 67,4% од годишниот план, и бележи зголемување за 10,0% во однос на истиот период од 2024 година. Притоа, тековните расходи се реализирани во износ од 251.918 милиони денари или 70,7% од планираниот износ за целата година, што претставува раст од 9,4% во однос на истиот период од 2024 година. Раст се забележува кај расходите за плати и надоместоци за 10,5%, кај расходите за стоки и услуги за 3,3% и кај каматните расходи за 7,6%. Трансферите, коишто се најголема категорија на тековните расходи, се зголемија за 10,0%, водени од растот кај социјалните трансфери за 12,6%, расходите за здравствена заштита за 9,2% и блок и наменските дотации за 10,8%. Расходите за субвенции и трансфери се намалени за 8,8%. Реализацијата на капиталните расходи изнесува 20.389 милиони денари (43,1% во однос на планираниот износ).

**Табела 3.1.** Извршување на Буџетот на РСМ за периодот јануари – септември 2025 година

| | Буџет 2025 | Ребаланс 2025 | јануари - септември 2025 | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | милиони денари | милиони денари | милиони денари | годишна стапка на раст (во %) | стапка на реализација |
| **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **358.838** | **362.377** | **243.707** | **9,5%** | **67,3%** |
| **Даноци и придонеси** | **319.234** | **319.196** | **221.947** | **7,4%** | **69,5%** |
| Даноци | 198.607 | 198.607 | 137.354 | **6,8%** | **69,2%** |
| Данок на личен доход | 35.676 | 35.676 | 23.985 | **7,8%** | **67,2%** |
| Данок на добивка | 23.287 | 23.287 | 16.686 | **5,9%** | **71,7%** |
| ДДВ | 86.692 | 86.692 | 61.734 | **4,5%** | **71,2%** |
| Акцизи | 35.388 | 35.388 | 23.489 | **9,3%** | **66,4%** |
| Увозни давачки | 16.255 | 16.255 | 10.776 | **15,1%** | **66,3%** |
| Други даночни приходи | 1.309 | 1.309 | 684 | **-2,1%** | **52,3%** |
| Придонеси | 117.095 | 117.096 | 83.483 | **8,8%** | **71,3%** |
| **Неданочни приходи** | **26.302** | **30.608** | **15.123** | **20,3%** | **49,4%** |
| **Капитални приходи** | **3.510** | **2.830** | **2.052** | **37,2%** | **72,5%** |
| **Странски донации** | **9.792** | **9.743** | **4.585** | **151,4%** | **47,1%** |
| | | | | | |
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **400.188** | **403.728** | **272.307** | **10,0%** | **67,4%** |
| **Тековни расходи** | **353.032** | **356.377** | **251.918** | **9,4%** | **70,7%** |
| Плати и надоместоци | 48.141 | 49.189 | 35.339 | **10,5%** | **71,8%** |
| Стоки и услуги | 26.325 | 28.025 | 16.302 | **3,3%** | **58,2%** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Трансфери | 257.721 | 258.546 | 184.525 | **10,0%** | **71,4%** |
| Социјални трансфери | 191.046 | 193.296 | 140.230 | **12,6%** | **72,5%** |
| ПИОСМ | 119.995 | 122.515 | 90.509 | **16,9%** | **73,9%** |
| Агенција за вработување | 3.439 | 3.434 | 1.419 | **-26,4%** | **41,3%** |
| Социјална помош | 15.080 | 14.831 | 11.124 | **0,2%** | **75,0%** |
| Здравствена заштита | 52.531 | 52.516 | 37.178 | **9,2%** | **70,8%** |
| Други трансфери | 64.211 | 61.664 | 42.745 | **1,7%** | **69,3%** |
| Каматни плаќања | 20.845 | 20.617 | 15.752 | **7,6%** | **76,4%** |
| **Капитални расходи*** | **47.156** | **47.351** | **20.389** | **/** | **43,1%** |
| **БУЏЕТСКО САЛДО** | **-41.350** | **-41.350** | **-28.600** | **14,5%** | **69,2%** |

Извор: Министерство за финансии
* Методологијата на евиденција за прикажување на капиталните расходи е променета во 2025 година и не може да се спореди со износот за капитални расходи за истиот период од 2024 година.

**Графикон 3.1.** Структура на остварени даночни приходи, јануари-септември 2025 година




**Графикон 3.2.** Структура на реализирани расходи според економска класификација, јануари-септември 2025 година




Во периодот јануари – септември 2025 година е остварен дефицит на Буџетот на РСМ во износ од 28.600 милиони денари, што претставува 2,8% од проектираниот БДП за 2025 година, односно 69,2% од годишниот план.

**Графикон 3.3.** Буџетски дефицит, кумулативни податоци (мил. денари)




## Расходи по буџетски корисници

Во продолжение е даден осврт на буџетските расходи за најголемите буџетски корисници.

Во периодот јануари – септември 2025 година, Министерството за социјална политика, демографија и млади реализира 59.433 милиони денари или 82,7% од вкупниот буџет за тековната година. Притоа, најголем дел (73,2%) од расходите се наменети за тековни трансфери до вонбуџетските фондови, за што се потрошени 43.498 милиони денари или 86,2% од средствата наменети за 2025 година. Втора најзначајна расходна ставка е социјални бенефиции, којашто учествува со 18,4% во вкупните расходи и за оваа намена беа реализирани 78,0% (10.951 милион денари) од планираните за 2025 година.

Во анализираниот период, Министерството за образование и наука изврши буџетски средства во износ од 30.945 милиони денари, што е 69,0% од вкупниот буџет за 2025 година. Најголем дел од расходите (57,9%) претставуваат тековни трансфери до ЕЛС, за што се потрошени 17.904 милиони денари или 74,7% од вкупно планираните средства. Плати и надоместоци е втора најзначајна ставка со учество од 23,1%, за што се потрошени 7.162 милиона денари, односно 73,1% од вкупно предвидените.

Во периодот јануари – септември 2025 година, Министерството за внатрешни работи реализира вкупно 11.742 милиона денари, што претставува 70,7% од сопствениот буџет за 2025 година. Најзначајна расходна ставка е плати и надоместоци со учество од 67,3%, за што се потрошени 7.900 милиони денари или 72,6% од планираното. Втора најзначајна ставка е стоки и услуги со учество од 16,1%. За таа намена беа реализирани 1.893 милиони денари или 68,2% од годишниот план.

Во овој период, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР) реализира 6.248 милиони денари што претставува 76,2% од планираните средства за тековната година. За субвенции и трансфери, коишто учествуваат со високи 92,5% во вкупните расходи, се реализирани 80,6% од планираните средства за цела година, односно 5.777 милиони денари.

Во периодот јануари – септември 2025 година, Министерството за одбрана реализира 13.334 милиони денари, што е 65,2% од вкупниот буџет за оваа година. Плати и надоместоци има најголемо учество во расходите со 35,1%, па за таа намена реализацијата изнесува 4.679 милиони денари (72,3% од вкупно предвидените средства за тековната година). Капитални расходи учествуваат со 34,8% во вкупните расходи и за оваа ставка се потрошени 4.644 милиони денари, односно 57,5% од вкупно предвидените.

Во периодот јануари – септември 2025 година, Владата на Република Северна Македонија реализира вкупно 2.177 милиони денари, односно 47,1% од планираните средства за 2025 година. Притоа, субвенциите и трансферите учествуваат со 49,1% во вкупните расходи на овој буџетски корисник, а се реализирани во износ од 1.069 милиони денари (41,4% од предвидените средства).

**Графикон 3.4:** Структура на расходите по буџетски корисници и раздели *(јануари-септември 2025 година)*




Извор: МФ.

Во анализираниот период, Министерството за здравство изврши буџетски средства во износ од 5.469 милиони денари или 68,3% од вкупниот буџет за 2025 година. Тековни трансфери до вонбуџетските фондови има најголемо учество во расходите со 54,8%, за што се потрошени 2.998 милиони денари или 85,7% од средствата наменети за 2025 година. Втора најзначајна ставка е Стоки и услуги со реализација од 2.220 милиони денари (60,6% од планираното за годината) и учество од 40,6% во вкупните расходи.

Во периодот јануари – септември 2025 година, Министерството за транспорт реализира средства во износ од 8.617 милиони денари, што претставува 47,9% од вкупниот буџет за


MQS Partner of Quality Austria Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

тековната година. Реализацијата на капиталните расходи како главна ставка изнесува 91,0% од вкупно реализираните средства на овој буџетски корисник (7.844 милиони денари или 48,6% од вкупно планираните средства).

Во овој период, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство реализира средства во износ од 1.231 милион денари, што претставува 65,1% од предвидените за 2025 година. Плати и надоместоци (597 милиони денари) е најзначајна ставка во вкупните расходи на овој буџетски корисник со учество од 48,5%, а притоа се реализирани 69,2% од планираните. По основ на капитални расходи отпаѓаат 24,2% од вкупните расходи, а реализацијата за таа намена изнесува 297 милиони денари или 49,7% од вкупниот буџет за оваа намена.

Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следната врска *(http://finance.gov.mk/краткорочни-економски-движења-кед-ме/)*.

## 4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР

### Нововработени регистрирани и невработени лица во Агенцијата за вработување

Во септември 2025 година, во Агенцијата за вработување беа регистрирани вкупно 145.783 новозасновани работни односи[5]. Во однос на истиот период од 2024 година, вкупниот број нововработени лица е зголемен за 2,8%.

Од вкупниот број нововработени, 43,3% се вработени на неопределено време, а другиот дел на определено време и за вршење сезонски работи. Од вкупниот број новозасновани работни односи во септември 2025 година, 14,5% се од евиденцијата на невработени.

**Графикон 4.1:** Преглед на невработени лица
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ.

Вкупниот број невработени лица во септември 2025 година изнесува 137.482, од кои 94.480 лица се активни баратели на работа, а 43.002 се останати невработени лица. На годишна основа, вкупниот број невработени лица е намален за 5,7%, а почнувајќи од мај 2021 година тој бележи континуиран годишен пад. Во однос на август 2025 година, бројот на невработени е намален за 145 лица.

**Графикон 4.2:** Преглед на нови вработувања
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ

Најголем дел од активните невработени лица (59,3%) е градско население, а според половата структура 48,1% се мажи. Според степенот на образование, најголемиот дел од невработените лица, односно 67,0% е со непотполно средно образование или помалку, 25,5% со завршено средно образование, а 7,5% со вишо или повисоко ниво на образование.

[5] Во извештајниот период, за едно лице можат да се регистрираат повеќе пријави на засновани работни односи (М-1 обрасци), кои се евидентираат и бројат во вкупниот број регистрирани пријави (Агенција за вработување).

Анализирано според старосната структура, 49,7% од невработените припаѓаат на возрасната група од 25 до 49 години. Според времето на чекање на вработување, 56,6% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, а 13,6% чекаат 8 и повеќе години.

**Графикон 4.3:** Просечна нето-плата
*(годишни стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС

## Плати

Според соопштението на Државниот завод за статистика, просечната номинална нето-плата во август 2025 година изнесувала 45.310 денари и остварила годишен раст од 10,3%, а во однос на јули 2025 година таа е повисока за 0,1%. Најголем раст на просечната нето-плата во однос на август 2024 година се забележува во следните сектори: Дејности на здравствена и социјална заштита (14,6%), Образование (14,5%) и Административни и помошни услужни дејности (14,1%). Во август 2025 година, реалните плати забележаа годишен раст од 5,6%. Највисока просечна нето-плата во август 2025 година била исплатена во секторот Информации и комуникации (82.905 денари), во чии рамки највисок износ на нето-плата бил исплатен во дејноста Компјутерско програмирање, консултантски и сродни дејности (103.066 денари), по што следуваат Финансиски дејности и дејности на осигурување со 62.668 денари, секторот Рударство и вадење камен со 57.365 денари и секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација со 56.139 денари.

**Графикон 4.4:** Просечна нето-плата по сектори
*(годишни стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС

**Графикон 4.5:** Просечна нето-плата по сектори, август 2025 година *(во илјада денари)*




Извор: ДЗС.

Просечната номинална бруто-плата во август 2025 година изнесувала 68.180 денари и споредено со истиот месец од 2024 година пораснала за 10,3%, а на месечна основа таа е повисока за 0,1%. Најистакнат раст на просечната бруто-плата во август 2025 година во однос на август 2024 година се забележува во следните сектори: Дејности на здравствена и социјална заштита (14,9%), Образование (14,8%) и Административни и помошни услужни дејности (14,4%).

## Пензии

Во септември 2025 година, во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување беа евидентирани 346.636 пензионери. Во јули 2025 година беше изменет Законот за пензиско и инвалидско осигурување, согласно кој од 1.10.2025 година е предвидено линеарно покачување на сите видови пензии, и тоа 1.000 денари оваа есен и 1.000 денари пролетта 2026 година. Ова значи дека во следните шест месеци пензиите на сите пензионери ќе пораснат линеарно за дополнителни 2.000 денари. Од вкупниот број пензионери, 71,7% се корисници на старосна пензија



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

**Графикон 4.6:** Корисници на пензии и просечна пензија
*(корисници во единици; просечна пензија во денари)*




Извор: ФПИОСМ

или 248.462 пензионера, 21,3% на семејна пензија или 73.890 пензионери и 7,0% на инвалидска пензија, односно 24.284 пензионери.

Просечната пензија во септември 2025 година изнесува 27.173 денари, што покажува дека таа е повисока за 14,5% во однос на истиот месец од 2024 година[6]. Просечната старосна пензија во септември 2025 година изнесува 28.789 денари, просечната инвалидска пензија 24.707 денари, а просечната семејна пензија 22.547 денари. Овој месец за исплата на пензиите беа потрошени 8.829 милиони денари, што претставува 53,6% од вкупните социјални трансфери.

Соодносот на просечната пензија во септември 2025 година со просечната исплатена плата во август 2025 година (последни расположливи податоци) изнесува 57,7%.

**Табела 4.1** Податоци за пензиски примања за септември 2025 година

| **Корисници на пензија** | **број** | **структура** | **просечна пензија** |
|---|---|---|---|
| старосни | 248.462 | 71,7% | 28.789,00 |
| инвалидски | 24.284 | 7,0% | 24.707,00 |
| семејни | 73.890 | 21,3% | 22.547,00 |
| Вкупно | 346.636 | 100,0% | 27.173,00 |
| **Корисници на миним. земјоделски пензии** | 30 | | 16.991,00 |
| **Корисници на воени пензии** | 686 | | 35.752,00 |
| **Вкупно** | 347.352 | | 27.189,00 |

**Извор: Фонд на пензиското и инвалидското осигурување на Република Северна Македонија**

## 5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР

Во септември 2025 година, Народната банка ја задржа основната каматна стапка на нивото од 5,35%, кое е непроменето од февруари 2025 година. Оваа одлука е во согласност со претпазливиот пристап во водењето на монетарната политика, притоа имајќи ги предвид економските услови, зголемените надворешни ризици и движењата на инфлацијата. Во септември 2025 година, Народната банка ја задржа каматната стапка на расположливите депозити преку ноќ и расположливите депозити на седум дена на нивото од 3,95% и 4,00%, соодветно.

[6] При пресметката на просечната пензија не се вклучени воените и земјоделските пензии.

## Примарни пари

Во септември 2025 година, примарните пари[7] се зголемија за 5,9% на месечно ниво. Растот на примарните пари се должи на зголемувањето на вкупните ликвидни средства за 14,8%, додека готовите пари во оптек се намалија за 1,7%.

Во септември 2025 година, примарните пари се зголемија за 7,2% на годишно ниво, што се должи на растот на готовите пари во оптек за 13,0% и на растот на вкупните ликвидни средства за 2,0%.

Графикон 5.1: Валутна структура на депозити и кредити
(септември 2025 година)




## Депозитен потенцијал[8]

Во септември 2025 година, вкупните депозити на банките се зголемија за 0,3% на месечно ниво. Секторската анализа укажува дека споредено со претходниот месец депозитите на претпријатијата се намалиле за 2,0%, а депозитите на домаќинствата регистрирале раст од 1,2%. Од аспект на валутата, во септември 2025 година споредено со претходниот месец, депозитите во домашна и депозитите во странска валута се зголемија за 0,1% и 0,6%, соодветно.

Графикон 5.2: Депозити и кредити
*(стапки на раст во %)*




Во септември 2025 година, вкупниот депозитен потенцијал оствари раст од 13,2% на годишна основа. Анализирано според валутата, депозитите во домашна валута се зголемија за 18,9%, а депозитите во странска валута за 5,5%.

Од аспект на секторот, депозитите на претпријатијата регистрираа раст од 12,8% на годишно ниво, а депозитите на домаќинствата раст од 13,6%.

Табела 5.1. Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор

| Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор (септември 2025 година) | Во милиони денари | Месечна промена | Годишна промена |
|---|---|---|---|
| | | | |
| Депозитен потенцијал | ***628.787*** | ***0,3%*** | ***13,2%*** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *379.931* | *0,1%* | *18,9%* |

[7]Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва.
[8]НБРСМ ги објави податоците од монетарната статистика, статистиката на другите финансиски институции и статистиката на каматните стапки, по нова методологија. Методолошките промени се направени заради усогласување со препораките од новообјавениот Прирачник и упатство за монетарната и финансиската статистика на ММФ од 2016 година (MFSMCG – IMF, 2016) и Техничката мисија на ММФ од областа на монетарната и финансиската статистика во НБРСМ од 2015 година.

| | | | |
|---|---|---|---|
| *Странска валута* | *248.855* | *0,6%* | *5,5%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *231.805* | *-0,3%* | *8,9%* |
| *Долгорочни* | *156.157* | *1,3%* | *12,3%* |
| | | | |
| Кредити на приватен сектор | ***532.395*** | ***0,9%*** | ***13,5%*** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *341.534* | *1,3%* | *20,0%* |
| *Странска валута* | *190.861* | *0,2%* | *3,3%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *78.383* | *1,0%* | *13,0%* |
| *Долгорочни* | *439.051* | *1,1%* | *14,6%* |

Извор: НБРСМ

Според рочноста, на годишно ниво краткорочните депозити се зголемија за 8,9%, додека долгорочните депозити регистрираа раст од 12,3%.

Валутната структура на депозитите и понатаму останува стабилна, при што учеството на депозитите во домашна валута доминира во депозитната база и овој месец изнесува 60,4%.

## Кредити на банките

Во септември 2025 година, вкупните кредити на банките кон приватниот сектор се зголемија за 0,9% на месечно ниво, во услови на раст на кредитирањето на претпријатијата за 0,8% и раст кредитирањето на домаќинствата за 1,0%.

Од аспект на валутата, на месечно ниво денарските кредити се зголемија за 1,3%, а девизните кредити се зголемија за 0,2%.

На годишна основа, во септември 2025 година вкупните кредити се зголемија за 13,5%, во услови на раст на кредитите на претпријатијата и кредитите кон домаќинствата за 16,5% и 10,8%, соодветно. Кредитите во домашна валута се зголемија за 20,0%, додека кредитите во странска валута регистрираа раст од 3,3%.

Од аспект на рочноста, долгорочните кредити бележат годишен раст од 14,6%, а краткорочните кредити од 13,0%.

## Каматни стапки на депозитни банки

Графикон 5.3: Каматни стапки на депозити и кредити
*(во %)*




Извор: НБРСМ.

Во септември 2025 година, вкупната каматна стапка на кредитите се намали за 0,05 п.п. во споредба со претходниот месец и таа изнесува 4,85%. Каматната стапка на денарските кредити се намали за 0,04 п.п. и изнесува 5,26%, а каматната стапка на девизните кредити регистрираше пад од 0,06 п.п. и изнесува 4,20%.

Во септември 2025 година, вкупната каматна стапка на депозитите се зголеми за 0,01 п.п. во однос на минатиот месец и изнесува 2,20%. Каматната стапка на денарските депозити се зголеми за 0,01

п.п. и изнесува 2,71%, додека каматната стапка на девизните депозити остана непроменета и изнесува 1,67%

Каматната стапка на новоодобрените денарски кредити изнесува 4,66%, а на новоодобрените девизни кредити 3,83%. Каматните стапки на новопримените денарски и девизни депозити изнесуваат 2,53% и 1,62%.

## Пазар на капитал

На пазарот на капитал, вкупниот промет на берзата во септември 2025 година се зголеми за 111,6% на месечно ниво, како резултат на растот од прометот од блок трансакциите за 40,7% и растот на прометот од класичното тргување за 29,6%.

Вкупниот промет на берзата во септември 2025 година изнесува 1.090,4 милиони денари, што претставува раст од 24,8% на годишно ниво.

На крајот на септември 2025 година македонскиот берзански индекс МБИ-10 изнесува 10.346,94 индексни поени, при што на месечно ниво е намален за 1,0%, а во однос на истиот месец претходната година индексот е зголемен за 17,9%.

Графикон 5.4: Вкупен промет на берза и движење на МБИ 10
*(промет во милиони денари; МБИ 10 во индексни поени)*




Извор: МБ.

## Девизни резерви

Износот на бруто девизните резерви на крајот на септември 2025 година е 4.722,71 милион евра и во однос на претходниот месец тој е намален за 0,7%, а во однос на септември 2024 година тој е зголемен за 7,2%.